Припадност

**Наслов на оригиналот:**
**BELONGING**
**Overcoming rejection and discovering the freedom of acceptance**
By Nancy and Ron Rockey and Kay Kuzma

**Превод:**
Весна Станковска

**Јазична лектура:**
Томислав Треневски

**Форматирање:**
Мелита Томовска

**Корици:**
Лазар Томовски

**Издава:**
АИК „Знаци на времето“
Скопје, ул. Влае 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печати:**
„МАРИНГ“ - Скопје

Ненси и Рон Роки и Кеј Кузма

# Припадност

## Совладување на отфрленоста и пронаоѓање слобода во прифаќањето

***Во текот на закрепнувањето***
***човекот не може да се надева дека***
***ќе го промени минатото.***
***Сезнајниот Бог, кој ги контролира минатото,***
***сегашноста и иднината, сепак,***
***може да ја измени сегашноста, со што ќе ја***
***отстрани болката од минатото.***

***- Ненси Роки***

# Содржина


Благодарност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
За авторите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Посвети . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

I глава - Фатен во пајакова мрежа . . . . . . . . . . . . . . . . . 14
II глава - Дознавање на вистината . . . . . . . . . . . . . . . . . 30
III глава - Внесување и исфрлување на ѓубрето . . . . . . 44
IV глава - Вирус во „софтверот“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
V глава - Кога не се чувствувате сакани и кога на никого не му е грижа за вас . . . . . . . . . . . . . 71
VI глава - Од каде таа огорченост? . . . . . . . . . . . . . . . . . 86
VII глава - Коренот на отфрленоста . . . . . . . . . . . . . . . . 105
VIII глава - Коренот на огорченоста . . . . . . . . . . . . . . . 121
IX глава - Кога сте погодени со емоционална злоупотреба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 141
X глава - Кој сум јас? Невино дете или страсна возрасна личност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 154
XI глава - Божјиот план за закрепнување . . . . . . . . . . 168
XII глава - Откупените ќе се радуваат . . . . . . . . . . . . . 184

**Благодарност**

*На нашето семејство, кое нè оформило и ни ги дало сите искуства за кои пишуваме. За она што е добро и она што не е добро. Мозаикот на нашите животи стана прекрасен преку вашата љубов, дури и во миговите кога не сме ја чувствувале нејзината топлина.*

*На нашите деца, нашите скапоцени, чудесни девојчиња кои ги толерираа нашите слабости и незнаења и кои израснаа во љубезни личности што знаат да сакаат.*

*Ние ве сакаме.*

*На оние луѓе кои отстрана нè охрабруваа и покрај нашите грешки и слабости. На оние што нè учеа и ни беа ментори во текот на целиот наш пат. Ви благодариме.*



# ЗА АВТОРИТЕ

## Рон Роки и Ненси Роки

Меѓународно признати водачи на семинари, психолози-советници, докторите Рон и Ненси Роки се меѓу првите христијански сопружници кои работат на полето на закрепнување.

Инспирирани од своето лично исцелување, како и од илјадници други сведоштва на луѓе на кои им помогнале во нивното оздравување, во текот на 25-годишната тимска служба тие развиле неверојатно успешен план за закрепнување заснован на Библијата и на вдахновението.

Повеќе од 30 години во брак, родителството и постдипломската работа им обезбедиле добра основа за докажување и испробување на ефикасни средства кои тие ги препорачуваат за личен и семеен напредок. Нивните студии ги подготвиле да бидат брачни и семејни терапевти, како и психолози-советници. Како додаток во нивната работа која е призната на државно рамниште, Рон е и проповедник, а Ненси е стручна медицинска сестра. Тие подучувале и предавале во многу земји, се појавувале на ТВ-програмите како и во дневните контакти на радиоемисии.

Заедно го споделувале своето знаење и искуство меѓу религиските црковни групации и на конференции. Тие се постојано семејно-здравствен тим на ТВ-програмата „Вера за денес“.

„Уверени сме дека големи болки и таги можат да се ублажат со знаење и разбирање. Ние го посветивме нашиот живот на учење и давање средства за брзо закрепнување на луѓето. За нас не постои поголема радост од тоа кога гледаме отворени очи полни за разбирање, повреди претворени во исцелување, а несогласувањето претворено во согласност“ (Рон и Ненси Роки).

## Кеј Кузма

Д-р Кеј Кузма, специјалист за детскиот развој и за семејниот живот е претседател на „Семејни прашања“ и водител на дневната радиопрограма „Имате ли минута време за вашето семеј-

ство?“ Таа го издава Фемили тајмс (семеен Times магазин), списание за родители и автор е на повеќе од дванаесет книги меѓу кои се „Лесна послушност“ и „Создавачка љубов“. Таа е, исто така, популарен говорник и водач на семинар со диплома за развој на децата на Државниот универзитет во Мичиген и има докторат за образование во раното детство на Универзитетот во Лос Анџелес.

Таа и нејзиниот сопруг Џон живеат во Тенеси и имаат три возрасни деца.



# ПОСВЕТИ

Со љубов и благодарност, оваа книга ја посветуваме за
спомен на нашиот пријател и ментор, Хенри Андерсон
Ни го донесе Христос преку својата вдахновена уметност
и преку својот христијански карактер.

„Сѐ е во очите, во начинот на кој го набљудуваш она што
можеш да го видиш“ рече тој.
„Морате да го вежбате окото да види што има, сите бои, смело
и нежно, сите префинети нијанси кои заедно го прават
предметот она што е.
Тоа е она што го прави вистинскиот уметник.
Не е суштината толку во рацете, колку во вежбањето
на рацете да го создадат она што го прави
вистинскиот уметник“.
Јас се согласувам со Хенри.

Вистинскиот уметник има проникливо око,
а ти го имаше најострото од сите.
Зашто во нашите слабости ти виде сила,
во нашата тага, ти виде светол ден,
во нашите болни искуства, ти виде блескава мудрост,
во нашиот младешки ентузијазам, виде успех,
во нашата смела агресивност, виде храброст,
во нашите порази, ти виде груби рабови
што се измазнуваат во нашите сиви депресии,
ти ја виде неопходната самокритичност
и во нашите падови, ти виде поттик на духот
кој може да се поучи,
а во твоето „Татковско срце“,
го пронајдовме Божјото прифаќање, сочувство и безусловна
љубов која очекува,
Главниот Уметник те искористи да сликаш
на платното на нашиот живот,
Божјиот портрет кој ќе нѐ благословува сѐ додека повторно
не го видиме Неговото и твоето мило лице.

ВОВЕД

## СТОРИЈАТА НА РОН

Бев во темна зандана, 4 x 6 x 6 студена, влажна кутија.
Гол и осамен, многу осамен;
Во самица зад дебели, цементирани ѕидови,
и километри бодликава жица во казнено-поправен дом.
Го разбирам мачењето со предрасуди и сурова сила.
Деновите се помрачија во бескрајни ноќи;
Надежта падна, почина.
Избавувањето од бездната изгледаше невозможно;

Очајнички посакував да сум надвор;
Но некој друг го имаше клучот;
Одземено ми е достоинството;
Бев гол и посрамен;
Мојата сила беше опаднатата поради слабата исхрана.
Мускулите ослабени поради неупотребеност;
Се склопчив во позиција на фетус.
Копнеев за враќање во сигурноста на мајчината утроба;

Моите мисли ме осудија,
моето самозадоволство исчезна,
и иако постоев, мојот дух беше мртов.

Бев на светлина оженет со жената која ја обожавав.
Моите ќерки се смееја и играа покрај мене.
Го исполнив својот сон завршувајќи ги студиите,
работејќи ја работата што ја избрав,
Но за сето време станував сè поочаен отколку
кога бев затворен.
Бев во пајакова мрежа.

Пронајдов пат на избавување,
како од затворот, од бетонот и жицата,
така и од затворот на мојот ум.

Оваа книга е за избавувањето,
за патот до емотивната слобода,
за пресекување на лепливите нитки од мрежата,
и за слободата.

## СТОРИЈАТА НА НЕНСИ

И јас ја спознав маката на заробеништвото;
Но не зад студените, камени ѕидови или бодликави жици,
Во кафези од коски и месо, тивко стравував
Дека она што навистина сум ќе ме направи
Исмеана, игнорирана, непризната и отфрлена.

Склопчена на софа во куќата на моите родители;
Го цицав палецот додека копнеев да исчезне болната тајна;
И поверував дека сè ќе биде добро.
И додека седев, моето тело изгради непривлечни ѕидови;
Направени со цел да не дозволуваат влез;
Зашто сигурноста на мојот дом ги скрши две личности
од мојата близина;

Не знаев ништо за перцепцијата, па така во мојата мрежа
го видов татка си како суров и непопустлив кон мене;
Но сепак се смеев и си играв со него
и носев други деца да го прават истото.
Воодушевувајќи се на неговата предвидливост,
мудрост и талент, ги приспособив на зборовите
кои тој никогаш не можеше да ги каже
Зошто не можев да му угодам?

Мојата мила и нежна мајка ме галеше по косата и очите
со своите нежни раце.
И настојуваше да ми ја толкува и да ме убедува
во татковата љубов.
Но стравот што парализира го обои
моето гледиште во стварноста и вистината.
Па затоа двете чувствувавме како
се отфрламе една со друга.
Она што му било потребно, не можел да го даде.
Камо да можев да го разберам тогаш
дека делата што ги правел и подароците што ги давал
ги заменувале неговите неизговорени зборови.
А неговото покажано разочарување била
неговата маскирана пофалба.
Но тоа не се случи.



Сè додека не открив дека е знаењето клучот;
А дека храброста ја отвора вратата.

Оваа книга е ослободување од затворот,
за патот до емотивната слобода,
за пресекување на лепливите нишки од мрежата,
и за слободата.

О, Господе, осветли нè со својата светлина.
И откриј нè нас самите.
Ослободи нè од синџирите што нè врзуваат
за незрелоста и детското.
Подготви ги нашите срца за целовитост
и полнота во Твојот Дух.

*Давид А. Сименас*

I ГЛАВА

# ФАТЕН ВО ПАЈАКОВА МРЕЖА

*Исаија 42, 6. 7*

Ние живеевме заробени во минатото и го најдовме патот кон слободата. Ги почувствувавме синџирите на заробеност. Тие беа навлезени длабоко во месото на нашите души, а сега уживаме во слобода на чувствата, прифатени во она што сме. Она што го споделуваме со вас е она што го научивме на трнливиот пат во текот на последните години. Ова не е само книга на сознание. Ова е книга за душевно сознание. Ова е приказна за спознавање на Светиот Дух, кој ни го откри нашиот мил небесен Татко. Ова е приказна за неговата љубов и за борбата меѓу доброто и злото во кое се најдовме фатени.

(Рон) Иако Ненсиното заробеништво било внатрешно додека живеела во удобен топол дом, моето беше ладно и отворено понижувачки водејќи до најсуровото затворање кое би можел да го доживее некој во 4 x 4 x 6 самица, во јужниот затвор.

Чувството на отфрленост со кое се соочував уште додека бев во јасли, се зголеми во текот на детството. Болката која природно произлегува од отфрленоста, се претвори во борба која се откриваше во разни испади, со годините сè поостри. Набрзо по смртта на татко ми, судијата за прекршоци повеќе сакаше да ме прати во морнарица отколку во затвор. Имав 17 години и потребата да си ја умртвам болката, како што работев во цивилниот живот, растеше секој ден. Имав потреба од многу алкохол, бев онолку трезен колку што беше потребно да си ја завршам својата работа, а платата во морнарицата никогаш не беше доволна за да ги задоволи потребите што ги бараа моите емотивни недостатоци.

Еднаш разрешен од должноста, направив некаква ситна кражба која ми беше потребна за да не чувствувам болка (како под анестезија). Една сплетка води кон друга, едно апсење



кон друго, па се најдов зад решетки влечејќи се од затвор во затвор сè додека на крајот не се најдов во затворот во Тенеси.

Бев во помал затвор во кој заработив големи изгореници од сонцето. Единствено решение за сончевите изгореници, кое го даваа чуварите, беше моторното масло кое служеше само да ми ја изгори кожата, па така телото ми беше подуено и во пликови.

Преколнувањето за премин во внатрешноста на затворот од болницата, само го налути мојот чувар, кој рече: „Добро, момче, секако дека ќе го добиеш својот затворен простор. Следи ме“.

Бев без облека, ме пикнаа во „дупка“ и ме хранеа со вода и леб неколку седмици. Таму бев во целосна изолација, во влажна и смрдлива ќелија каде што немав што друго да правам освен да размислувам за својот живот. Поднесував остра психичка болка, чувство на студена отфрленост во семејството, во општеството, меѓу пријателите. Секогаш го чувствував бесот што растеше во мене.

Сте се чувствувале ли некогаш како фатени во мрежата на некои околности без оглед на тоа што сте направиле, а не сте можеле да се ослободите? Можеби и сега се чувствувате така.

Можеби се чувствувате осамени иако има луѓе насекаде околу вас. Ви се чини дека сите други се дел од некоја група, а вие се чувствувате изолирани, отфрлени од сите. Дали се прашувате како можат другите да бидат толку безгрижни кога вас ве боли срцето?

Можеби имате некои настапи на бес што ве изненадуваат. Или изгледа дека не можете да управувате со ненадејните „експлозии“ на своите деца, иако знаете за подобар начин и сте си ветиле и себеси и на нив дека тоа веќе нема да ви се повтори.

Дали се чувствувате некогаш како дете? Изгледа како да немате емоции или способности на возрасна, зрела личност. Реагирате импулсивно и неодговорно.

Дали гледате дека ве привлекуваат личности што имале ист стил на живот и со кои завршувате скршени и емотивно и психички. Зошто сте секогаш отфрлена жртва?

Можеби се пронаоѓате себеси постојано разочарани во својот однос со Бога, кој изгледа како да не може да се поправи. Чувствувате како ни Тој да не ве сака.

Дали е вашиот живот низа од неуспеси? Дали самите себеси сте си најголем непријател, саботирајќи го својот личен успех и оддалечувајќи се од другите поради нешто што сте кажале или сте направиле?

Зошто сите други изгледаат толку организирани, управувајќи со својот живот додека вие сте како брод без кормило, кој секое ветерче го носи час ваму, час таму. Изгледа дека никаде не одите затоа што ја трошите сета своја сила играјќи како што свират другите само за да бидете прифатени.

Дали повеќе сакате да глумите пред луѓето за да бидете прифатени, отколку да бидете вие, вие. Дали би направиле сè само за да бидете сакани?

Дали постојано се враќаат истите чувства од типот: „Никогаш не сум доволно добар" кои ве наведуваат да станете зависни од работата за да му угодите на својот шеф или да се откажете од поразувачкиот став „зошто да се обидувам кога на никого не му е гајле".

Можеби се плашите од денот на мајките или од денот на татковците? Се чувствувате ли виновни затоа што не сакате да испратите честитка или затоа што поминувате време барајќи честитка која во својот текст не го содржи зборот „љубов", затоа што не сте ја почувствувале нивната љубов како дете.

Дали чувствувате дека животот ви подал празна рака. Можеби не ви ги распоредил рамномерно убавината, талентот и умот во однос на другите?

Дали некогаш фантазирате за средба со партнер кој не е ваш (маж или жена)? Или можеби ве привлекува порнографија, непристојни емисии, проституција, како да уште една сексуална средба (доживување) ќе го исполни вашето празно срце.

Зошто ви се чини дека не можете да ги сочувате пријателите или кога пријателството напредува до определена точка, вие се повлекувате или тие престануваат да повикуваат. Ви се чини ли дека отсекогаш сте отфрлени.

Дали чувствувате дека понекогаш би сакале да заспиете и никогаш веќе да не се разбудите?

Ако кое било од овие прашања ви звучи познато, имаме за вас добра вест: не морате да бидете мушичка заплеткана во пајакова мрежа, чекајќи го нападот на пајакот. Не морате да се плашите од неговиот смртоносен отров. Можете да ги отворите своите заслепени очи и да видите (да ги разберете) причините на вашето однесување. Можете да побегнете од затворот во вашиот ум и од стравот од отфрленост. Можете да бидете ослободени од темнината и да ја искусите светлината на слободата (види Исаија 42,7) Можете да се олободите од пајаковата мрежа.



Одговорот е во разбирање на водечката сила зад вашите постапки. Не можете да побегнете од личната одговорност обвинувајќи ги другите или обвинувајќи ги околностите, кога всушност редовен виновник е контрапродуктивната активност. Единствен начин за излез од мрежата е познавање на реалните и подмолни борби што ги преживувате.

Вистина е дека силата, која можеби никогаш претходно не сте ја препознале, владее со вашите мисли и чувства на отфрленост, управува со вашето однесување и ја краде полнотата на животот која Христос сака да ја искусите. Исус вели: „Крадецот влегува само за да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилство" (Јован 10,10).

Некој може да се сомнева во постоењето на сатаната и неговите ангели, но многу неразумно е да се верува во Бога и Неговото Слово, а да не се верува во она што нè учи Бог за реалноста на сатаната, Неговиот непријател.

Ц.С. Луис во својот предговор во алегоријата *Screwtape Letters* изјавува: „Постојат две еднакво спротивни грешки во кои може да западне нашиот вид кога е во прашање ѓаволот. Едни не веруваат во неговото постоење. Други, пак, веруваат и имаат нездраво интересирање за него. Сатаната е татко на лагата и тој ви шепоти дека не сте достојни и вредни. Тој сака да го почувствувате нискиот удар на отфрленоста што го чувствува тој од Бога како резултат на своето одбивање на Бога. Ако се чувствувате отфрлени, ќе завршите како и тој - безнадежно.

Бог не игра игри. Но сатанската игра е да победува оној што има најмногу приврзаници. Како во огромна шаховска партија, сатаната се бори за што повеќе шах-матови.

Иако знае дека веќе го изгубил универзумот од Бога, не сака да пропадне сам. Вие сте неговиот пион. Несреќата сака друштво. Крајот е близу. Неговиот гнев пораснал. Тој оди на-

секаде како лав што рика барајќи некого кого би го уништил. И така, тој ги обликува околностите за повторно да ги зголеми вашите болки од раното детство.

Планот на сатаната е, ако може, да ве уништи вас и вашите деца. Затоа што уништувајќи ве вас, тој ќе влијае на вашите деца и на нивните деца, сè до трето и четврто колено и уште подалеку, доколку не преземете лична одговорност неопходна за да се сопре текот и вие да закрепнете. Морате да бидете отворени и да кажете „Болката на отфрлање запира овде со мене. Веќе нема да бидам пион во ѓаволската шаховска игра. Нема веќе да го носам ѓаволското ѓубре“.

Доколку не ја преземете оваа животна обврска, ќе му дозволите на сатаната да им го пренесе вашето ѓубре на вашите деца и внуци, како и неговото, на кое секогаш му додава тежина и смрдеа.

Штетата што ја прави сатаната кај децата предизвикува парализа на чувствата. Како возрасни, ние стануваме глуви за предупредувањата или укорите, а реформата на животот е речиси неостварлива.

**Лага**

Ајде да ви ја објаснам подмолната природа на сатанските методи со кои ги заведува луѓето. Сè започнало во рајската градина кога Ева се оддалечила од својот сопруг. Дозволувајќи си го тоа, се излажала со привлечниот разговор со змијата. Накратко, била искушана. Но изгледало дека била запозната со Божјиот закон во врска со дрвото за познавање на доброто и злото. Всушност, на Божјите зборови додала и свои, дека дрвото на животот не смее да биде ни допрено. Така сатаната успеал да ја убеди Ева дека Бог само се обидувал да ги оддалечи од знаењето кое само Тој го поседувал и ако таа проба плод од дрвото, ќе биде како Бог, кој го познава доброто и злото.

До тој момент Адам и Ева јаделе од дрвото на животот и од другите животодавни дрвја во градината и она што таа и Адам го знаеле се однесувало на животот.

По земањето на плодовите од забранетото дрво, Адам и Ева не само што биле засрамени туку и моментално дознале за смртта. Нивната вина, која во тој момент им била нова, ги водела до засраменост која влијаела да се сокријат од Бога и



да се обидат да ја покријат својата вина и срам со смоквини лисја. Тоа било почетокот на нивниот процес на умирање.

Слободен избор им дал саканиот Бог, кој не сакал Адам и Ева, како и нивните наредни генерации, да бидат автомати, туку согласни партнери и интимни Божји пријатели (бидејќи Бог при настанувањето им дал можност за создавање). За несреќа, гревот произвел од Адам и Ева болест (недостаток на слобода) поради која наредните генерации морале да се борат или да се откажат од преживувањето.

Во сржта на секое човечко суштество постои уште од Адам и Ева и денес во сите живи - лагата што ја втиснал Божјиот непријател. Таа станала дел од Адам и Ева кога згрешиле и се покажала кога се обиделе да се сокријат со лисја, кога се сокриле од Бога. Оваа лага зборува дека немате никаква вредност ниту значење. Ако погледнете во вашите мисли и чувства (карактер) и вашето надворешно однесување, убедени сте дека оваа лага е вистина. Козметичката и модната индустрија стекнуваат богатство од оние што чувствуваат дека мораат да го сокријат или да го замаскираат она во што се убедени дека е вистина - својата безвредност.

Лагата ни доаѓа по директна линија од Адам и Ева и ја зголемувала својата моќ со секоја наредна генерација. Ние ја пренесувавме таа лага од дедовците, татковците, до детето уште откако почнало да тече времето и во оваа генерација таа станала толку префинета колку што ние имаме начини да ја покриваме. Нашите смоквини лисја станале наша облека, нашата шминка или маска - преправањето што го носиме пред светот. Ние ги гледаме нашите родители, роднини и пријатели во детството и ги учиме како добро да ја одржуваат таа лага.

Така лагата прво ни доаѓа наследена. Дополнително, лагата ни доаѓа од нашето опкружување. Семејството, црквата и општеството во кое сме пораснале во повеќето случаи ни помагаат да се чувствуваме мали или безвредни или бесполезни поради нашите долги листи на потреби што останале неисполнети или запоставени.

Кога децата не ги задоволуваат своите основни потреби на кои наидуваат (поглавје 8) тогаш тие го толкуваат тоа како да не се достојни за внимание и грижа што им се потребни. Се запоставуваат делата како знак на предупредување зад ла-

гата во нашата суштина, која ја наследуваме од претходните генерации и стануваме дури и сè поубедени дека сме несакани и дека не можеме да сакаме. Нашите родители не избрале намерно да не ги исполнат нашите потреби, туку тие биле само производ на претходните генерации и нивните потреби, кои исто така не биле задоволени.

Исто така, лагата се нагласува преку искуството во животот кое ни го донесле штетните последици како отфрлањето, сексуалното, емотивното, или психичко злоставување. При секоја од овие последици, децата преземаат одговорност на внатрешна лага, која ја носат затоа што децата автоматски се чувствуваат одговорни за сè што ќе тргне наопаку во нивниот свет.

Ако родителите или другите што влијаат на воспитување на децата, им фрлааат вина на нив обвинувајќи ги или за вистински престап или, пак, ако самите дојдат до таков заклучок, децата се осудени да го носат овој товар на вина и срам сè додека вистината некако не го отстрани целосно.

Додека стареeме станува сè потешко да се соочиме со она во што веруваме дека сме. Тешко е да се промени негативниот понижувачки тек на нашиот живот. Всушност, се плашиме од секоја информација која му се противставува на она до што сме дошле во нашето верување за нас самите. Убедени сме дека сме подредени, слаби, безвредни, зли и срамни и им се противставуваме на обидите за промена на овие верувања. Кога ќе сфатите дека нашиот систем на верување главно се воспоставува до осмата година, можете да заклучите дека повеќето од нас ги поминуваат своите животи во лага. Го развиваме нашиот речник за да ја покриеме лагата и го делиме со другите или се фалиме со своите постигнувања или се расфрлуваме со нашата безвредност.

Без разлика дали сте занишани на нишалото на супериорен комплекс или на инфериорен комплекс, часовникот работи исто. Размислете колку многу половични или парцијални вистини сме кажале за да ги прикриеме чувствата што ги имаме за нив. Размислете за тоа кои се некои од делумните вистини што ги кажувате?

Лагата што ја кажуваме за да ја прикриеме лагата во нашата суштина нè присилува да се однесуваме во склад со чувствата чијшто императив е маскирање на лагата. Стануваме зависни во нашите односи, затоа што сме убедени дека не можеме самите да успееме, а кога некој ќе ни каже што и како треба да направиме нешто или додека не биде поздравен секој наш обид или чин на добрина. Стануваме зависни од умртвувачки супстанции од алкохол, дрога, ТВ, секс, купување, работа, религија, или дури и спиење. Живееме во куќи, носиме облека и возиме автомобили поголеми од нашите приходи, што неминовно предизвикува повеќе да работиме за да ги стекнеме сите овие покривала. Ги шминкаме нашите лица, ги скратуваме носовите, ја бојосуваме косата, носиме лажни нокти, стануваме добродетелни, јадеме премногу, се гланцаме и ставаме насмевка за да помисли светот дека можеме да направиме сè.



Еден од најголемите стравови на човештвото е дека ќе дојдеме некако до вистинското сознание за нас самите. Се прашувам што би се случило ако сфатиме дека сме навистина сакани, креативни или талентирани на некој начин? Тоа сознание би барало од нас да направиме промени во нашето однесување и во животниот стил (начин на живот), а промената е застрашувачка.

Секое знаење кое би нè поместило од нашата свесна позиција на безвредност го толкуваме како невистина, строго опасна, така што мнозина се наежуваат од самата помисла на тоа. Ние ѝ се противставуваме на личната војна на секој начин, затоа што донесува други стравови со себе. Што би се случило ако откриеме во процесот на војната дека сме навистина слаби и неспособни, за што веќе знаеме во длабочината на нашето битие. Какво влијание би имало ова врз нас и како да го смениме. Ја жртвуваме нашата лична среќа за активности, цели, соништа, постигнувања и најстрашно - за интимните односи. Сето тоа со цел да ја заштитиме лагата. На такво извртено безумие и болка живееме штитејќи ја невистината која ни ја дал таткото на лагата. Се чувствуваме недостојни да се откажеме од болката што ја носиме поради неправдата од детството и се плашиме од секое сознание што би влијаело да се презреме самите себеси, бидејќи ги открива слабостите и недостојностите што ги чувствуваме.

Се прашуваме дали е отпорот во растот и во развојот на карактерот што го гледаме кај другите можеби поврзан со фактот дека Искушението на Ева за дрвото на познавање на доброто и злото, нејзе ѝ донесло смрт, а од неа наредните ге-

нерации секогаш се во постојан пораст на грешноста, која води до вечна загуба. Ако е тоа така, тогаш ние некако сме ја извртиле работата. Нејзе не ѝ донесло уништување јадењето од дрвото. Да продолжела да јаде, ние не би продолжиле да ги водиме битките кои и денес ги водиме. Дрвото на животот го наоѓаме во Речта и кога ќе ги втиснеме неговите вистини во нашата душа, тоа ни дава светлост и живот (5. Мојсеева 5,29). „Само, кога нивните срца би биле такви секогаш да се бојат од Мене и да ги пазат сите Мои заповеди, за да бидат така постојано среќни, тие и нивното потомство!“ Стихот 33 продолжува: „Следете го наполно патот што Господ, вашиот Бог, ви го означи, за да можете да живеете така“.

Она што претходно не сме можеле да го сфатиме е дека тоа што ни се случило во детството е филтер преку кој поминале и другите искуства. Постојаната болка што ја носиме денес, влијае на нашите денешни искуства, така што и нашите мисли, чувствата и нашето однесување се нивен резултат.

Често е деструктивно за нас, како што било и за Ева, земањето на забранетиот плод. Каков тажен факт е дека сме благословени со решение за целото време, но не сме биле свесни дека е можно закрепнување од сите поразувачки мисли и чувства. Нам лажно ни е претставено дека мораме да ги поднесуваме раните решително носејќи ги додека не дојде Исус. Кога ни вели Исус да дојдеме кај Него натоварени со тешки товари и исцрпени од напорната задача на постојано носење на сѐ потежок товар, Тој зборува за контејнер полн со болка, кој Сатаната сака ние да го носиме толку исцрпени за да бидеме обесхрабрени да се чувствуваме безнадежно и да се откажеме. Прирачникот на животот ни зборува како да го оставиме товарот, а ние сме биле заслепени со зли сили, така што погрешно сме го толкувале и сме го разбирале методот. Кога ќе одлучиме да го следиме Божјиот план, ние одбираме да јадеме од дрвото на животот, кој неизбежно води кон вечен живот.

**Вистината**

Бог ве создал, умрел за да ве откупи и има план за ваше спасение. Вие сте полноправен припадник на Неговото царско семејство. Можете да побегнете од сатанската мрежа на измама ако изберете да биде така. Но изборот бара да се донесуваат одлуки - разумни одлуки. Сатаната го знае ова и затоа негов главен план е да ја уништи способноста за рационално донесување одлуки кај Божјите деца. Сатаната смислил лукав план да го реализира преку болката што сте ја претрпеле во своето минато. Секое болно искуство ви остава чувство на отфрленост на некој начин. Како вирусот-убиец во компјутерскиот систем. Штетата што ја прави ја уништува вашата способност за донесување одлуки. Тој ги доведува во забуна вашите чувства, правејќи да влијаат на вашите мисли и дела. Резултатот е вие да завршите така за да го правите она што не го сакате, контролирани од присилната внатрешна сила која не ја разбирате, со што се отежнува прифаќањето на Христа.



За да ги парализира и понатаму со својот план, сатаната знае дека тоа може да го стори ако ги одржува фајловите на вашиот ум (потсвест) исполнети со деструктивни чувства на отфрленост поради болни сеќавања од неисполнети потреби и претрпени неправди во минатото.

Тој може да ве натера да го видите секој тек на случувањата преку изобличените очила на отфрленоста. Вие насекаде ќе барате доказ (стакло) за да ја потврдите неговата оригинална лага што ја има за вас. Прифаќањето е толку недостижно. Во научното царство, законот вели дека две работи не можат да исполнат ист простор во исто време. Исто така, точно е дека умот не може да биде исполнет со емотивни спомени на болка и неправда во исто време со преплавувачка Божја љубов.

Сатанскиот план да го порази човештвото е самодеструктивноста и започнува од детството. Рендал Тери, еден од основачите на „Операција спасување“ цитиран во изданието на магазинот Тајм од 21 октомври 1991 год. вели: „Верувам дека ѓаволот постои и ваков е сатанскиот распоред на работа: прво, тој не сака никој да има деца. Второ, ако бидат зачнати, тој сака да ги убие. Ако не се убиваат со абортус, сака да бидат запоставувани или злоставувани физички, емотивно, сексуално...“ „На овој или оној начин легијата на пеколот сака да ги уништи децата, затоа што децата стануваат идни возрасни и водачи“.

„Ако тие можат да го заведат и да го ранат детето, тоа станува заведена или ранета возрасна личност, која им ја пренесува понатаму оваа тага на следните генерации“.

Уште додека е во мајчината утроба, сите мајчински чувства на отфрленост од нејзиното минато и сегашните искуства му се пренесуваат на бебето, кое ги впива овие чувства како свои. Малото дете ги впива информациите од надворешниот свет преку своите емоции, затоа што логичкиот ум е сè уште во рана фаза од развојот. Сатанскиот подмолен план е да го оштети детето пред да му биде умот доволно зрел да ја додаде логиката сместена во церебралниот кортекс на емоциите што ги чувствува во тој момент, што е неопходно за зрело донесување одлуки. Ова предизвикува децата да бидат неповратно ранливи на сегашните околности. Сè што ќе искусат, без разлика дали е реално или така го разбрале, станува дел од нивната свесна или потсвесна емотивно-меморијална банка.

Во текот на овие години на формирање на карактерот, сатаната се обидува да ги прободе децата со неговиот отров и така емотивно да ги парализира за живот предизвикувајќи да страдаат од неисполнети потреби, од сексуално емотивно или физичко злоставување, од сè што создава чувство на отфрленост внатре во детето.

Секое детство е ранлив период за децата. Пред да го прифатат Христа како свој личен спасител и со тоа да бидат под неговата заштитна прекривка на милоста, децата се законски плен на сатаната. Пред да ја доживеат очистувачката сила на Христовата крв, злите ангели прават секаков напор за да стекнат пристап до нив. Иако се децата ранливи, тие сепак не се без одбрана ако имаат верни родители (кои се молат). Заштитната сила на верноста на нивните родители и неуморните молитви можат да го скршат упориштето на непријателот. Кога се повикува Христовото име, силите на темнината мора да се повлечат. Но ако сатаната ги користи родителите поради оштетувањето кое го имаат тие од детството, нивните деца речиси секогаш завршуваат исто толку оштетени.

Сатаната најпрво започнал со Адам и Ева во Едем, предизвикувајќи вина, разочарување, срам и страв. Иако Бог не ги одбил, тие се чувствувале отфрлени од него, така што се скриле во грмушките. Носејќи ја својата физичка болка, Адам и Ева им ја пренесле на своите деца, на еден од нив кој го убил својот брат. И понатаму низ генерациите, гревот на татковците и мајките влијаел на нивните деца. Тоа е еднакво на



сликата на која Сатаната седи во задднината со прекрстени раце и со нозе подигнати на столче и вели: „Не морам да направам ништо повеќе. Ги гледам како самите себеси се уништуваат". Повредување на човечките суштества продолжува во процесот во кој луѓето повредуваат други луѓе околу себе. Сатаната го фрлил својот камен во езерото на човештвото и ги набљудува со ликување круговите на водата кои се сè пошироки. Важно е да се разбере дека дури и не е неопходно да се направи некое дело за да има негативно влијание или за да повреди некој друг. Секоја личност е опкружена со атмосфера, невидлива за голо око. Тоа е аура направена од вашите мисли и чувства - вашиот карактер. Тој карактер, кој го поттикнува однесувањето, е таен дел од вас самите познат единствено за Бога и за вас. Оваа атмосфера дава или благослов или го труе секого со кого е во контакт. Без многу изговорени зборови со кои може да се изрази што мислите или чувствувате, вие и натаму влијаете на луѓето околу вас во контекст на она што го мислите или го чувствувате. Личната атмосфера може да се полни со животодавна сила на верата, храброста, надежта и љубовта. Таа може да биде тешка и ладна со темнина на незадоволство и себичност или отровна со смртна зараза на негуваниот грев. Секоја личност со која доаѓате во контакт е свесно или несвесно под влијание на атмосферата што ве опкружува.

Кога сте во друштво на луѓето чиишто мисли во поголем дел се насочени кон себичен грев, завист или сладострастие, ќе се чувствувате несигурно, неудобно и ќе изберете да се тргнете на некое заштитено место. Дури и малите деца на кои им недостасуваат зборови да ги изразат своите чувства или страв можат да ја почувствуваат оваа состојба кај возрасните и можат да одбијат да им се приближат или да дозволат тие личности да ги држат. Оваа несигурна атмосфера е отров кој создава оштетување дури и без изговорени зборови или направено некое дело. Сатанската замрсена мрежа на гревот и болката, која резултира и преминува од генерација на генерација, може да се надвладее доколку го разберете изворот (причината) на вашето однесување, доколку ја препознаете штетата што ви е нанесена, преземете ја одговорноста за своите дела и научете да ги користите оружјата кои Бог ги направил достапни за своите деца за да бидат победници.

Откривме дека повеќето луѓе со поучлив дух на кои им е дадено орудието на познавање, можат преку Божјата сила да работат преку своите лични проблеми и да го скршат кругот на оштетувањето. Несреќен е фактот дека повеќето луѓе не бараат закрепнување пред триесеттите или четириесеттите години од својот живот. Затоа, оздравувањето доаѓа по детските ранливи години, па затоа оштетувањето ќе влијае и на наредната генерација. Добрата вест е дека, ако сте како добри родители желни да погледнете во огледалото на Божјото Слово за да ја видите својата лична слабост, непостојаноста на одлуките и подготвеноста да го откриете потеклото на вашето однесување за да го пронајдете излезот, тогаш вашите деца се наоѓаат под позитивното влијание на вашиот променет карактер, кој тие го гледаат во вас, своите родители, без оглед на годините или на физичката разлика. Ниту едно човечко суштество не е исклучено од оваа борба меѓу Христа и Сатаната. Гревот има магнетна, привлечна сила за вашиот ранет ум. Често кога луѓето сакаат да се вратат кај Бога, се наоѓаат себеси заплеткани во таква сатанска мрежа, како мува во пајаковата мрежа, што се им се чини дека е неуспешна задача и тие се откажуваат пред да ја направат неопходната работа за емоционален и духовен напредок (види глава 11).

Во нашите уши одѕвонуваат зборовите на Џулија, која очајнички барала излекување од последиците на злоставувањето што го претрпела во детството. „Секогаш копнеев за заедница (пријателство) со Бога и сѐ уште се обидувам. Ја читам Библијата и не добивам ништо од неа. Се молам, но имам чувство дека тоа се празни зборови што одат во ветер. Зошто сите други можат да го најдат Бога, а јас не можам. Конечно сфатив дека е причината во мене. Мора да сум направила нешто со што сум го отстранила Бога засекогаш од мене“. Тоа е лага во која Сатаната сака да веруваме.

Планот на Сатаната е да нѐ фати и да нѐ уништи, токму како што и пајакот црна вдовица ја плете својата мрежа со таа цел, ми дојде како одговор на мојата молитва (Ненси).

Никогаш не сум го читала горниот пасус сѐ до следното искуство:

Беше замрзнувачки ладно утро во Дакота. Такво утро што го преколнува човека да се задржи во топлиот кревет или да испече домашен леб и да исече зеленчук за експрес-лонец и



топол ѓувеч. Но имав состанок во канцеларијата. Го запалив автомобилот и додека одев кон центарот на градот се молев: „Господи, ова е нова клиентка. Не знам која е. И ова утро навистина не ми е грижа. Те молам, направи да ми биде грижа. Те молам, запали го мојот незаинтересиран став со љубов за Твоето повредено дете. Мораш да ми помогнеш да ја поздравам таа жена со Твоето љубезно гостопримство. Штом влегов во канцелариското одделение, бев во искушение да ме изнервира чадот од цигарите што низ ходникот се ширеше откај собата за состаноци. Наместо тоа, избрав да бидам благодарна за освежувачот на просторијата и мирисната чајна мешавина што ја држев во мојата работна канцеларија. Избрав две прекрасни порцелански шолји и ставив вода да зоврие. Топлиот чај од тревки во ладното утро ќе ѝ посака добредојде.

Наскоро таа седеше во ординацијата, а нејзините раце се загреваа од шолјата чај. Почнавме со мојата вообичаена молитва за Божјото присуство и мудрост, а потоа ја прашав поради што точно дошла кај мене во канцеларија ова утро и како можам да ѝ помогнам.

Стегајќи ја мојата шолја чај, се навалив за да ја слушам немо приказната. Но неа ја немаше. Десет минути таа зборуваше неповрзано. Речениците течеа во делови. Изразите немаа смисла. Не беа поврзани. Се обидов да ја фатам темата од нејзината приказна, но не можев да ја најдам. Можеби нејзината нервоза, предизвикана од доаѓањето кај советник, наскоро ќе се смири. Но колку што зборуваше повеќе, јас станував сѐ понервозна. Си реков: „Ненси, ова е премногу. Оваа нема врска со реалноста. Ништо нема смисла“. Сепак, таа и понатаму занесено зборуваше.

„О, Господе“, се молев „потребна ми е помош. Те молам, дај ми патоказ, пат преку оваа конфузија“. И тогаш се случи најчудната работа. Во мојот ум јасно ја видов пајаковата мрежа. Беше толку реална што можев да ја допрам со рака. Станувајќи нервозна, тивко одговорив „Господе, те молев за помош, а ти ова ми го даде“. Повторно чекав на божествената интервенција, но по втор пат се појави само пајаковата мрежа. „Во ред, Господе“, реков „што сега“? Во мојата фрустрација и разочарување не разбрав дали тоа што го забележав е одговор на мојата молитва. Ги слушнав зборовите: „Оди кај детето“. „Што значи тоа?“ запрашав тивко. Тогаш ми дојде дека

децата сакаат приказни. Не знаев што да правам со ова откровение, но кога жената застана, ѝ прозборев како на дете. Се наведнав кон неа и од мојата уста протекоа следниве зборови: „Дали сте виделе некогаш пајакова мрежа". Изненадена од прашањето, одговори двоумејќи се: „Да, да, сум видела пајакова мрежа". Тоа беше нејзината прва поврзана реченица. Продолжив: „Каде беше мрежата што ја видовте?" „Беше во нашата дневна соба. Пајаците доаѓаа кога ја користевме печката на дрва. И во амбарот, секогаш во амбарот. „Можете ли да ми опишете една?" побарав од неа. Додека покажуваше со раката, описни, поврзани зборови доаѓаа од нејзината уста. И натаму немав тераписки план кога ја запрашав: „Дали сте виделе некогаш пајак во мрежата?" „О, да, сум ги видела многу пати", одговори. „Па, ако можете да замислите еден, би сакала да го обоите во црно во својата фантазија", ја упатував. „Во ред, го имам. Црн пајак во мрежата. Изгледаше како да е заинтересирана за приказната, а јас и понатаму немав идеја каде се упатувам со пајаковата мрежа или до каква суштина ќе дојдам, но одлучив да им верувам на зборовите што излегуваа од мојата уста. „Сега би сакала на пајакот да му дадам име. Ќе го наречеме сатана", реков. Одговорот протече од моите усни, а не ни помислив претходно на тоа. Изгледаше дека Бог го користи мојот глас, ми дава зборови.

Сега бев смирена и почнував да уживам во ова откритие. „Сатаната е како црна вдовица која ја плете лепливата мрежа во темните скришни места. Кога инсектот ќе ја допре пајаковата мрежа, веднаш е фатен. Штом е во мрежата, инсектот започнува акција од обиди да се ослободи од неа и токму кога ќе ја скине за да излезе, пајакот се појавува од никаде. Тој ја прободува својата жртва со отровот кој создава парализа и потоа животот на инсектот постепено згаснува.

Токму како пајакот, Сатаната нè оштетува во нашите рани години при формирањето на карактерот. Од тоа оштетување се создава дисфункција во нашето размислување, во чувствата и во однесувањето, кои ќе траат цел живот и ќе влијаат на нашиот најблизок однос со Бога, со брачниот партнер, со децата и со родителите".

Жената седеше во својот стол. Лесно ги склопи рацете. Се насмевна задоволно, како штотуку да го вкусила а-ха ефектот. „Па тогаш, знам точно што ми се случило, дојде нејзиниот одговор. Ми раскажа за своето детство, за непрестајното злоставување од секаков вид: емоционално, сексуално и физичко. И врз основа на нејзината приказна се изненадив што таа воопшто функционира на секое ниво.



Тоа е „а-ха " искуството, кое доаѓа како резултат на новото сознание со кое се започнува процесот на заздравување.

„Па", рече со ново внимание, знаејќи го моето минато, „дали е текот на моето однесување целосно нарушен?"

Мојот одговор ѝ послужи како трошка надеж за неа.

„Познавајќи ги вашите нарушувања од детството, вашето однесување е прилично нормално".

„Но моето однесување ми предизвикува и мене и на моето семејство болка и неволји. Што да правам со тоа? Како можам да го сменам тоа", молеше.

Изгледа дека мојот одговор ѝ даваше надеж.

„Мораме да завршиме со недовршените проблеми од вашето минато. За да се ослободите од таа замрсена сатанска мрежа, морате да го откриете и да се соочите со минатото, за да се испразните од отровните емоции што ги носите и за да го пополните целосно празниот простор со Божјата мудрост и Неговиот дух на љубов и прифаќање".

Вашето рано оштетување е филтер преку кој го гледате секое искуство во својот живот. Вашето реагирање на случувањата од сегашноста е предизвикано од болката од вашето минато со или без забележување на случувањата. Последиците на оштетувањето на вашите мисли и чувства влијаат на вашето однесување во сегашноста.

Закрепнувањето не може да се постигне преку ноќ или само за една година. Тоа е работа за цел живот. Затоа процесот на посветување, кој претставува општо христијанско сфаќање е всушност закрепнување од оштетувањето кое Сатаната ви го направил во раниот живот, а кое ви создало деструкривни мисли, чувства и однесување во сегашноста.

**„Такви се патиштата на секој што го заборава Бога; така пропаѓа надежта на безбожниците; тенка е нишката на неговото надевање, а неговата надеж е пајакова куќа. Ако се потпре на куќата своја, нема да издржи, ако се фати за неа, таа му се разурнува" (За Јов 8,13-15).**

II ГЛАВА

# ДОЗНАВАЊЕ НА ВИСТИНАТА

*„Секое потиснато чувство загнојува, скапува и создава болест која може да се излекува единствено ако дозволиме да бидеме свесни за забранетото чувство. Не можеме да закрепнеме од чувствата чие постоење постојано сме го одрекувале“ - Сам Клеин.*

Зошто да гледаме во минатото за да ја разбереме сегашноста? Тоа е првото прашање кое често си го поставуваат луѓето што се соочуваат со тешката работа на закрепнување. Зарем не би требало само да заборавиме на работите од минатото и да продолжиме да гледаме право кон иднината? Каква врска има минатото со сегашноста, посебно нештата на кои дури не се ни сеќаваме?

Разбирање на психологијата на мозокот на бебето во раниот развој ќе ни помогне да видиме зошто нашето минато има такво влијание врз сегашноста. Со пет и пол месеци од зачнувањето, бебето во матката почнува да ги впива во себе мајчините емоции. Чувствата што ги изразува мајката, засновани на околностите на нејзиниот живот и на природата на нејзиното однесување се бележат во умот на детето. Ако, на пример, мајката е немажена, а таткото не го интересира да ја продолжи врската со неа или одбива да ја преземе одговорноста и не покажува интерес за пријателски однос, отфрленоста што ја доживеала мајката детето ќе ја сфати како да е тоа негово лично отфрлање. Секоја емоција што ја чувствува мајката, било позитивна или негативна, се пренесува на детето и се бележи како да потекнува од детето. Како резултат на тоа, детето го памети своето прво отфрлање.

До седмиот месец од пренаталниот развој, несвесниот ум на бебето почнува да прима информации за надворешниот свет, така што веќе станува складиште за животното ис-



куство. Овие иформации пред сè доаѓаат од сетилото за слушање, и повеќето од нив содржат емоционална компонента. Пред раѓањето детето го регистрира (снима) звукот на мајчиниот и на татковиот глас. Дури и гласовите на браќата и сестрите, или на другите значајни луѓе што се поврзани со мајката се забележани во меморијата на умот.

По раѓањето постои значително зголемување на бројот на информациите што ги прима детето, затоа што, сега сите пет сетила, ги собираат информациите од околината. Ако е бебето грубо допрено или ако почувствува физичка болка, тоа е забележано во детската меморија (детскиот ум). Ако бебето гледа лица што се лути или го плашат, тоа исто така е забележано. Ако бебето почувствува или помириса некоја непријатна супстанција, тоа е забележано и интерпретирано како отфрлање. Секое случување е забележано кога се случува, и информацијата за него содржи податоци од сите пет сетила, плус емоциите што ги почувствувало детето во моментот кога е забележана информацијата.

Човечкиот мозок работи на следниов начин: кога дразбата доаѓа од надворешниот свет, да речеме преку нашите очи, таа автоматски се проследува без некоја посебна команда (од нас самите). Како што компјутерот врши глобално истражување на сè што е достапно во врска со дадениот предмет, умот поврзува низ забележаната меморија, ги реди редовите на меморијата кои се наполнети со емоции. Нашиот одговор на иницијалната надразба со размислувања, чувства и однесување, ќе биде заснован на меморијата која е најмногу наполнета со чувствата во дадениот момент.

Чувствата се складираат во лумбалниот (LIMBIC) систем, кој се наоѓа на средниот дел од нашиот мозок. Главниот дел од неговата работа е да управува со емоционалните одговори на надворешните дразби (види 4 глава).

За да сфатите како работи лумбалниот систем, блокирајте ги сетилата (надворешните дразби) и потоа прочитајте го зборот што сега ќе ви го дадам. Потоа затворете ги очите и пуштете го умот да оди каде што сака, како одговор на овој збор. Држете ги очите затворени за секунда пред да одговорите на прашањата што доаѓаат.

Подготвени сте? Зборот е...